Виолета АРНАУДОВА УДК: 376.54:37.061

# СОЦИЈАЛНИОТ СТАТУС НА НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО УЧИЛИШНИ И ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

***Кратка содржина***

*Во овој труд се прикажани резултатите од истражувањето спроведено за да се утврди социјалниот статус на надарените ученици од основно училиште во училишни и вонучилишни активности. Едната група испитаници ја сочинуваа наставници кои држат настава од 3 научни подрачја, а кои со помош на чек-листи, номинираа 32 ученици од осмо одделение како надарени. Втората група испитаници беа ученици од осмо одделение кои учат заедно со оние кои беа номинирани како надарени (104 ученици од кои 48 женски и 56 машки). За да се утврди социјалниот статус на надарените, со сите ученици беше спроведена социометриската постапка за два критериуми: 1. заедничко седење за време на писмените работи, и 2. заедничко одење на забави. Статистичката обработка на податоците покажа дека надарените ученици имаат подобар социјален статус, повисок индекс на прифаќање и понизок индекс на одбивање во однос на останатите ученици кога се реализираат училишни активности, но не се утврдени значајни разлики меѓу двете споредувани групи при реализирање на вонучилишни активности.*

***Клучни зборови:*** *НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ, НОМИНИРАНИ УЧЕНИЦИ, ИДЕНТИФИКАЦИЈА, СОЦИОМЕТРИСКИ СТАТУС, СОЦИЈАЛЕН СТАТУС, ИНДЕКС НА ПРИФАЌАЊЕ, ИНДЕКС НА ОДБИВАЊЕ*

## Вовед

Со сигурност се знае дека надарените ученици манифестираат високи способности, добро учат, постигнуваат одличен училишен успех, но праксата покажува дека дел од нив се неуспешни, проблематични, лошо интегрирани во колективот, и со тенденција кон разни форми на неадаптирано однесување и реагирање (Whitmore, 1980; Yewchuk, 1993). Би можело да се рече дека денеска вниманието на истражувачите повеќе го привлекуваат надарените но, неуспешни ученици и учениците кои имаат некои проблеми отколку надарените но, успешни ученици (Mönks, Katzko&Boxtel, 1992; Đorđević, 1995).

Како група, надарените деца, ***физички*** се посупериорни од другите во однос на општиот физички развој, тежината, висината и тоа не само во текот на школувањето, туку, и подоцна. Доброто физичко здравје им овозможува на овие ученици и подобро ментално да се развиваат, да работат упорно и да учат. Оваа предност, може да се должи на нивната биолошка супериорност, подобрата здравствена грижа и помош, како и на подобрите средински услови во кои се остварува нивната социјализација.

И во однос на ***социјалните особини*** во споредба со просечната популација, надарените деца се подобро социјално прилагодени, а во повеќе случаи тие се најпопуларните деца во одделението. Помал број од нив, особено оние со коефициент на интелигенција над 150 се апстиненти, односно, не избираат други деца, иако пак другите ги избираат нив. Како група, како што потврди студијата на Терман, надарените деца покажуваат поизразени социјални тенденции во споредба со децата со пониска интелигенција. Исто така, тие и како возрасни членови се многу подобро социјално прилагодени во споредба со просечната популација. Но, надарените деца со коефициент на интелигенција над 180 многу ретко успеваат да се прилагодат на општествените активности и на играта (Carroll, Holingworth). Најдобро социјално прилагодени се децата со количник на интелигенција од 120-130, односно надарените деца кои не се интелектуално многу појаки од другите ученици.

Во споредба со другите, надарените деца покажуваат и поизразена ***емоционална стабилност.*** Но, лошите семејни услови и честите емоционални трауми што детето ги доживува во семејството и во училиштето, можат да го инхибираат развојот на неговите творечки способности. Негативното влијание на средината и семејството може да придонесе за појава на бунтовничко однесување на надарените деца кон сите авторитети и до неспособност за соработка со другите. Проучувајќи го развојот на надарените деца, Холингворт утврдила дека лошото воспитување може да доведе до тоа надарените да станат агресивни и тврдоглави, да манифестираат цинизам, сарказам и негативен став кон другите. Цинизмот кон другите може да доведе до неприлагоденост и изолираност а и до недостаток од поблиски пријатели, но, благодарение на нивниот оптимизам, виталност

и смислата за хумор, другите се во состојба да се прилагодат на нив. Во тој поглед најсреќни се децата со количник на интелигенција од 120-150 кои имаат успех во повеќе социјални активности. Но, децата со IQ над 180 често се несреќни, бидејќи тешко можат да најдат пријатели. Емоционалната неприлагоденост на средината, чувството на осаменост во социјалните односи, отфрленоста од наставниците или родителите можат делиумно, или, потполно да го блокираат интелектуалниот развој на детето.

Во толкување на проблемите на кои наидуваат надарените вообичаено е да се тргне од нивното понапредно когнитивно функционирање со кое се објаснува нивниот неусогласен развој (когнитивен-сосијален-емотивен-физички), а потоа тој неусогласен развој да се сфати како извор за проблемите воочливи во односите со другите (Maksić, 1991, 1993). Причините за проблемите на кои наидуваат надарените на социјален план, се бараат во неусогласеноста меѓу потребите на надарените и можностите на средината да одговори на нив. По правило, средината поголемо внимание обрнува на когнитивните отколку на социјалните и емоционалните потреби на надарените деца и младите.

Основата на социјалното однесување и суштината на интерперсоналните односи што се остваруваат во воспитно-образовниот процес се претставени со социјалните интеракции. Тие, покрај тоа што се неопходен услов за развивање на меѓусебните односи, истовремено придонесуваат и за формирање на одделни особини на личноста. Од аспект на поединецот, социјалните интеракции придонесуваат да се согледа социјално-емоционалниот однос на поединецот кон другите членови на групата (*социјално-емоционална експанзивност*), односот на членовите на групата кон поединецот (*социјално-емоционален статус*), и како секој член на групата ги перцепира реакциите и односот на другите спрема себе (*социјална сензитивност*). Проучувањето на односите во групата како целина, овозможува да се согледаат одредени нејзини карактеристики, како што се: *кохезивноста* и *тензијата* на групата.

Според емоционалните односи меѓу членовите на групата, односно, степенот на афективната поврзаност меѓу членовите на групата и меѓусебното прифаќање или одбивање се формира впечатокот

за социометриската структура на групата. Израз на степенот за омиленост на поединецот во групата, односно, неговата прифатеност или отфрленост од другите членови во неа, претставува социјалниот статус. Според Морено (1962), местото на поединецот во групата, би требало да се определува зависно од социјалната ситуација во која другите лица од групата ја искажуваат својата наклонетост или ненаклонетост спрема одредено лице.

Следејќи ги истражувањата кои се однесуваат на социјалната прифатеност на надарените поединци воочливи се контрадикторни резултати. Во прилог на оваа констатација се сознанијата од студиите што се прикажани подолу. Терман (1925) спровел една обемна студија во која следел 1000 деца со IQ над 140, во текот на 35 години. Резултатите од оваа студија покажале дека овие лица по правило биле многу успешни на професионално поле, имале помалку тешкотии во бракот (помалку конфликти и разводи), но и дека биле високо социјално адаптирани, па дури и дека имале значително пониска стапка на смртност и низок процент на душевни заболувања (Biro, 1999).

Наодите од испитувањата на Бони (1942) и Тејлор (1952) и други автори покажале дека помеѓу интелектуалните способности и социјалната прифатеност постои позитивен однос, односно, дека популарните ученици најчесто се поинтелигентни од непопуларните (според Стојановски, 1988). Меѓутоа, во истражувањето на Холингворт се покажало дека високата интелигенција не е линеарно поврзана со социјалната адаптираност. Имено, таа воочила дека надарените деца кои имале IQ над 160 покажувале знаци на изразита асоцијалност, не успевале да се вклопат во светот на своите врсници и се развивале во социјално изолирани личности кои живееле во сопствен свет (Биро, 1999).

Степенот до кој се развиени интелектуалните способности во голема мера ја одредува успешноста во социјализацијата на личноста, како и сопствената слика на личноста за истата. Социјалноста и способноста на човекот се во заемно повратни, причинско последични односи, па поради тоа се очекува надарените ученици да бидат подобро прифатени во групата. Но, ова не е секогаш случај бидејќи зависи и од многу други, како внатрешни, така и надворешни фактори.

Целта на ова истражување е да се утврди каков е социјалниот статус на надарените ученици во училишните и вонучилишните

активности. Имајќи ја на ум оваа цел, ги поставивме следните претпоставки:

1. Во однос на училишните активности, надарените ученици имаат значајно повисок социјален статус во споредба со останатите ученици.
2. Во однос на вонучилишните активности, социјалниот статус на надарените ученици не се разликува од социјалниот статус на останатите ученици.

## Метод

*Испитаници и инструменти*

Истражувањето е спроведено на целата генерација ученици од осмо одделение во основното училиште „11 Октомври“ од Скопје (104 ученици од кои 48 женски и 56 машки) и нивните наставници кои предаваат во три области: 1. природни науки (физика, хемија, географија); 2. јазици и литература (македонски јазик и литература, англиски јазик, француски јазик и германски јазик), и 3. математичко-логички дисциплини (математика, физика, информатика). Според однапред подготвени листи на особини на надарени ученици, наставниците ги номинираа учениците кои го задоволуваат нивниот критериум за надареност во предметот. Од вкупно 32 ученици номинирани како надарени, 14 се од машки пол, а останатите 18 се од женски пол.

За добивање на потребните податоци користени се следните инструменти:

1. ***Чек листи за номинација на надарените ученици,*** кои на наставникот му помагаат во препознавањето на особините карактеристични за надарените ученици. Користени се чек-листи за три области конструирани за едно пообемно истражување од страна на авторот на трудот во соработка со м-р Елена Ачковска-Лешковска, врз основа на консултирана литература за карактеристиките на надарените во различни подрачја.
2. ***Социометриска техника***, која овозможува да се добијат податоци за социјалниот статус на учениците. За целите на ова истражување, социометриската техника е спроведена за два социомет-

риски критериуми: едниот поврзан со училишна активност (*„заеднички седење за време на писмените работи“*), а другиот со вонучилишна активност (*„заедничко одење на забави“*). Беа употребени списоци со имиња и презимиња на сите ученици од секое одделение, а учениците требаше да извршат избор на пет ученици со кои би сакале да ја извршуваат критериумската активност и еден ученик со кој најмногу би сакале да ја извршуваат активноста. Исто така, тие направија избор на пет ученици со кои не би сакале да ги извршуваат означените критериумски активности и еден ученик со кој воопшто не би сакале да ги извршуваат тие активности (*Прилог: Социограми за негативни и позитивни избори по двата критериуми во една од испитуваните паралелки*). Оваа техника овозможува да се утврдат индексите на прифаќање, индексите на одбивање и индексите на социјален статус.

## Резултати

Податоците добиени со примената на дескриптивна статистика, како и добиените наоди, ќе бидат презентирани според редоследот на поставените хипотези, а со користење на: *индексите на прифаќање, индексите на одбивање и индексите на социјалниот статус.*

**Хипотеза 1.** Во однос на училишните активности, надарените ученици имаат значајно повисок социјален статус во споредба со останатите ученици.

*Табела 1. Индекси на прифаќање на надарените и останатите ученици за критериумот „**заедничко седење за време на писмените работи**“ изразени во вид на аритметички средини и стандардни отстапувања.*

| уаХнЛщЛ | M | SD | Z |
|---|---|---|---|
| нДдДрХнЛ уаХнЛщЛ (N 32) | 0.32 | 0.23 | 6.25* |
| РВгДнДгЛ уаХнЛщЛ (N 72) | 0.07 | 0.08 | |

$^*p<0.01$

Од Табела 1 може да се забележи дека просечната вредност на индексите на прифаќање кога како социометриски критериум е земена училишна активност е поголема за групата на ученици кои беа номинирани како надарени (M=0.32) во споредба со останатите ученици (M=0.07). Резултатите наведуваат на заклучок дека во однос на училишните активности надарените ученици имаат значајно повисок индекс на прифаќање од останатите ученици (Z =6.25, p<0.01).

Како што се забележува од Табела 2 просечната вредност на индексите на одбивање кога како социометриски критериум е земена училишна активност е помал за групата на ученици кои беа номинирани како надарени (M=0.07) во споредба со останатите ученици (M=0.18). Во однос на училишните активности надарените ученици имаат значајно понизок индекс на одбивање во споредба со останатите ученици (Z =-3.67, p<0.01).

*Табела 2. Индекси на одбивање на надарените и останатите ученици за критериумот „**заедничко седење за време на писмените работи**“ изразени во вид на аритметички средини и стандардни отстапувања.*

| ученици | M | SD | Z |
|---|---|---|---|
| надарени ученици (N=32) | 0.07 | 0.12 | -3.67* |
| останати ученици (N=72) | 0.18 | 0.21 | |

*p<0.01

Од Табела 3 може да се забележи дека просечната вредност на индексите на социјален статус кога како социометриски критериум е земена училишна активност е поголема за групата на номинираните надарени ученици (M=0.26) во споредба со нивните соученици (M=-0.11). Во однос на училишните активности надарените ученици имаат значајно повисок индекс на социјален статус во споредба со останатите соученици (Z =6.17, p<0.01).

*Табела 3. Индексите на социјален статус на надарените и останатите ученици за критериумот „**заедничко седење за време на писмените работи**" изразени во вид на аритметички средини и стандардни отстапувања*

| ученици | M | SD | Z |
|---|---|---|---|
| надарени ученици (N=32) | 0.26 | 0.29 | 6.17* |
| останати ученици (N=72) | -0.11 | 0.25 | |

*p<0.01

**Хипотеза 2.** Во однос на вонучилишните активности, социјалниот статус на надарените ученици не се разликува од социјалниот статус на останатите ученици.

Од Табела 4 може да се забележи дека просечната вредност на индексите на прифаќање кога како социометриски критериум е земена вонучилишна активност е поголем за групата на ученици кои беа номинирани како надарени (M=0.17) во споредба со останатите ученици (M=0.14). Во однос на вонучилишните активности непостојат значајни разлики меѓу надарените и останатите ученици во поглед на индексите на прифаќање.

*Табела 4. Индекси на прифаќање на надарените и останатите ученици за критериумот „**заедничко одење на забави**" изразени во вид на аритметички средини и стандардни отстапувања.*

| ученици | M | SD | Z |
|---|---|---|---|
| надарени ученици (N=32) | 0.17 | 0.15 | 1.00 |
| останати ученици (N=72) | 0.14 | 0.12 | |

p>0.05

*Табела 5. Индекси на одбивање на надарените и останатите ученици за критериумот „**заедничко одење на забави**" изразени во вид на аритметички средини и стандардни отстапувања.*

| ученици | M | SD | Z |
|---|---|---|---|
| надарени ученици (N=32) | 0.12 | 0.17 | -1.00 |
| останати ученици (N=72) | 0.16 | 0.17 | |

$p>0.05$

*Табела 6. Индексите на социјален статус на надарените и останатите ученици за критериумот „**заедничко одење на забави**" изразени во вид на аритметички средини и стандардни отстапувања.*

| ученици | M | SD | Z |
|---|---|---|---|
| надарени ученици (N=32) | 0.06 | 0.27 | 1.33 |
| останати ученици (N=72) | -0.02 | 0.26 | |

$p>0.05$

Од Табела 5 може да се забележи дека просечната вредност на индексите на одбивање кога како социометриски критериум е земена вонучилишна активност е помал за групата на ученици кои беа номинирани како надарени (M=0.12) во споредба со останатите ученици (M=0.16). Имено, во однос на вонучилишните активности надарените ученици имаат понизок индекс на одбивање во споредба со останатите ученици но, разликата меѓу нив не е статистички значајна.

Просечната вредност за социјалниот статус (Табела 6), кога како социометриски критериум е земена вонучилишна активност, е поголема за групата на ученици кои беа номинирани како надарени (M=0.06) во споредба со останатите ученици (M=-0.02). Меѓутоа, разликите во индексите на социјалниот статус меѓу споредуваните субјекти се мали и не се статистички значајни.

## Дискусија

Добиените резултати од тестирањето на првата хипотеза го потврдија очекувањето. Резултатите од овој труд упатуваат на тоа дека надарените ученици имаат значајно повисок индекс на прифаќање и значајно понизок индекс на одбивање кога станува збор за училишните активности. Тоа значи дека во однос на училишните активности, тие се омилени меѓу своите врсници и најчесто се избираат како најпожелни партнери во овие активности. Ова придонесува надарените ученици да имаат значајно повисок индекс на социјален статус од останатите ученици кога како критериум се земаат училишните активности.

Вака добиените резултати можат да се протолкуваат преку одредени карактеристики кои ги поседуваат надарените ученици, како што се: висока интелигенција, компетентност, одличен училишен успех, поседување знаења од различни области, способност успешно да решаваат и посложени задачи и проблеми, силна мотивираност за постигнување на сè подобри резултати. Овие карактеристики се особено ценети и пожелни во одредени ситуации и училишни активности како што е, на пример, изработката на писмените работи. Во тој случај, останатите ученици изразуваат поголема наклонетост кон надарените, бидејќи сметаат дека може да имаат лична корист од квалитетите и способностите на нивните соученици.

Преку резултатите од ова истражување беше потврдена и втората хипотеза. Тие укажуваат дека во однос на вонучилишните активности социјалниот статус на надарените ученици значајно не се разликува од социјалниот статус на останатите ученици. Кога се работи за овој критериум, надарените ученици немаат статус на најпопуларни и најомилени ученици. Во вакивте активности се губи значењето на оние карактеристики кои беа значајни за успешно извршување на училишните активности и до израз доаѓаат некои други особини и фактори како што се: некои црти на личноста, ставовите и вредностите, интересите, физичкиот изглед, социјалното потекло, семејните услови и тн.

Врз основа на добиените резултати, може да се заклучи дека социјалниот статус на надарените ученици зависи од активноста во однос на која тој се одредува. Имено, за училишните активности,

надарените ученици имаат значајно повисок социјален статус од останатите, но тоа не е случај за вон училишните активности, кога социјалниот статус на надарените ученици значајно не се разликува од оној на останатите ученици.

Спроведеното истражување ги демантира уверувањата за социјалната инфериорност на надарените. Тоа придонесува за надминување на впечатоците во кои надарените се опишуваат како незаинтересирани за реагирањето на луѓето околу нив, необични, ексцентрични и склони кон девијантно па дури и патолошко однесување. Нема основа да се одржува уверувањето за незаинтересираност на надарените за луѓето околу нив, и за поголеми проблеми на надарените во односите со околината, во споредба со ненадарените. Но, нема основа ниту да се застапува и спротивното гледиште за општа супериорност на надарените поединци, која подразбира обавезно присуство на развиени социјални вештини кај надарените поединци и зрело социјално однесување во согласност со нивните високи интелектуални потенцијали.

(Рецензент: *проф. д-р Татјана Такашманова*)

**ЛИТЕРАТУРА**

Арнаудова, В., Ачковска-Лешковска, Е., 2000, Надарено дете, Скопје: Филозофски факултет.

Biro, M., 1999, Osnovi kliničke psihologije, Novi Sad: Filozofski fakultet.

Đorđević, B., 1995, Daroviti učenici i (ne) uspeh, Beograd: Zajednica učiteljskih fakulteta.

Maksić, S., 1991, Psihosocijalne karakteristike darovitih i prosečnih učenika, *Psihologija,* 24 (1-2), str.125-138.

Maksić, S., 1993, Kako prepoznati darovitog učenika. Beograd: Institut za pedagoška istraživanja.

Mönks, F., Katzko, M. W. & Boxtel, H. W., 1992, (eds), Education of the gifted in Europe: theoretical and research issues, Amsterdam/Lisse: Swets and Zeitlinger.

Морено, J., 1962, Основи социометрије. Београд: Савремена школа.

Стојановски, З., 1988, Социјалниот статус на учениците и личните особини, Скопје: НИРО Просветен работник.

Čudina-Obradović, M.,1990, Nadarenost, razumevanje, prepoznavanje, razvijanje, Zagreb: Školska knjiga.

Whitmore, J. R., 1980, Giftedness, conflict, and underachievement. Boston: Allyn and Becon.

Yewchuk, C. R., 1993, The handicapped gifted. *International Journal of Educational Research,* 19 (1), 65-76.

Violeta ARNAUDOVA

## THE SOCIAL STATUS OF THE GIFTED PUPILS IN PRIMARY SCHOOL IN SCHOOL ACTIVITIES AND LEASURE TIME ACTIVITIES

### ABBSTRACT

*In this work are showen the results from the research made to fortify the social status od the gifted pupils in primary school in school activities and leasure time activities. The first group includes teachers that teach in three different teaching areas. They have nominated 32 pupils from eight grade as gifted using check-list. The second group includes their peers from the eight grade (48 girls and 56 boys). Sociometrical status of all students was identified by sociometrical technique based on two criteria (sitting together during the tests, and, going out together).*

*The results has showen that gifted pupils have better social status, higher index of acceptability and lower index of rejection than other pupils in school activities, but there are not significant differences between two groups in leasure time activities.*

***Key words**: GIFTED STUDENT, NOMINATED PUPILS, IDENTIFICATION, SOCIOMETRICAL STATUS, SOCIAL STATUS, INDEX OF ACCEPTABILITY, INDEX OF REJECTION.*

# ПРИЛОЗИ

## Позитивен социограм на VIII Б одд. – I критериум „заедничко седење за време на писмените работи“




надарените ученици | женски | машки | позитивен избор

останатите ученици

## Позитивен социограм на VIII Б одд. – II критериум „заедничко одење на забави“



## Негативен социограм на VIII Б одд. – I критериум „заедничко седење за време на писмените работи“




надарените ученици | женски | машки | негативен избор

останатите ученици

## Негативен социограм на VIII Б одд. – II критериум „заедничко одење на забави“




надарените ученици — женски, машки

останатите ученици — женски, машки

негативен избор